# ПОЛИТИКА НА САНКЦИИ

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I. | Цел на Политиката | 3 |
| II. | На кого се однесува оваа Политика? | 3 |
| III. | Кои се санкциите? | 3 |
| IV. | Усогласеност со санкциите | 4 |
| V. | Изразување загриженост | 5 |
| VI. | Неусогласеност | 5 |
| VII. | Дополнителни информации | 5 |

## I. Цел на Политиката

Coca Cola Hellenic Bottling Company (во понатамошниот текст: “CCHBC”), односно Пивара Скопје АД (во понатамошниот текст: “Друштвото”) ќе ги почитува сите закони во врска со економски санкции, регулативни, ембарга или рестриктивни мерки (санкции) кои се применливи. Друштвото ќе превземе ефикасни мерки со цел да обезбеди усогласеност и свесност за обврските кои се поврзани со санкциите.

Со цел оваа Политика да постигне ефект, ние ја имаме усвоено и ќе одржуваме процедура за проверка на санкциите. Процедурата ги поставува клучните чекори и принципи за обезбедување на усогласеност со применливите санкции. Неуспехот да се почитуваат санкциите може да доведат до неколку граѓански и кривични казни, за нашиот бизнис и за вработените и директорите, како и да влијае врз репутацијата на Друштвото.

Непридржување кон оваа Политика може да предизвика сериозни последици како што се поведување на дисциплинска постапка, вклучително и отказ. Прекршувањата на санкциите, исто така, можат да имаат правни последици за поединечните инволвирани лица, вклучително и парични казни и казна затвор. Вработените треба да пријават секакво сомнение за прекршување на санкциите на оваа Политика на Менаџерот на правниот сектор за понатамошни насоки или преку линијата Зборувај! (Speak up!).

## II. На кого се однесува оваа Политика?

Оваа Политика се однесува на секој вработен во Друштвото, како и во CCHBC, без разлика на улогата или нивото на функцијата. Ова ги вклучува сите вработени, менаџери, раководители и други членови на одборот на групацијата и директори на Друштвото.

Од вработените на определено време, лицата времено ангажирани да извршуваат работи во Друштвото,консултантите, застапниците и секое трето лице што дејствува во име на Друштвото се очекува да се однесува во согласност со начелата на Политиката.

Секоја подружница која не е во целосна сопственост и заеднички вложувања што ги контролира CCHBC, мора да усвојат слична политика за санкции. Таму каде што учествуваме во заедничко вложување, но немаме контрола, ќе се потрудиме да ги охрабриме нашите партнери во исполнување на барањата утврдени во Политиката, како во заедничко вложување, така и во нивните сопствени операции.

## III. Што претставуваат санкциите?

Санкциите претставуваат мерки донесени од Владите и Меѓународните тела (на пример Обединетите Нации) со цел да се ограничат постапките со одредени земји, ентитети и поединци.Тие имаат различни форми, вклучувајќи:

- широки забрани за постапување со или во рамките на одредени земји, индивидуални или деловни субјекти
- трговски ограничувања, вклучувајќи и ембарга на оружје и забрани за извоз на одредена опрема
- финансиски санкции, како што се замрзнување на имот и забраните за финансиските трансакции и
- забрани за патување.

Целите на санкциите и природата на ограничувањата наметнати со санкции се предмет на промени на редовна основа, и поради нивно усогласување неопходно е да се одржуваат ажурирани информации за сите санкции кои се применуваат на нашиот бизнис. Од особено значење се швајцарските санкции, со оглед на тоа дека седиштето на ССНВС е во Швајцарија и ЕУ санкциите, со оглед на тоа дека ССНВС значителен дел од својот бизнис го извршува во ЕУ.

**Санкциите на ЕУ** се применуваат на:

- компаниите во земји членки на ЕУ и државјаните на земји членки на ЕУ во однос на тоа што прават во било која земја во светот -дури и ако државјанин на земја членка на ЕУ е вработен во компанија кој не е во земја членка на ЕУ,
- компаниите во земји кои не се членки во ЕУ и вработени кои се државјани на земји кои не се членки на ЕУ во врска со се што прават во земји членки на ЕУ или било кој бизнис кој се спроведува целосно или делумно во земја членка на ЕУ.

**Санкциите на Соединетите Држави** се применуваат на:

- компаниите во Соединетите Држави и нивните подружници во странство (за некои санкции подружници кон не се дел на Соединетите Држави на компании кои се од Соединетите Држави) во однос на тоа што прават во било која земја во светот,
- државјани на Соединетите Држави како и привремени резиденти (на пример сопственици на зелена карта) во однос на тоа што прават во било која земја во светот,
- Компании кои не се од Соединетите Држави и лица кои не се државјани на Соединетите Држави во однос на се што прават во Соединетите Држави или било кој бизнис кој се спроведува целосно или делумно во Соединетите Држави.

Санкции на Соединетите Држави, исто така, може да се применуваат и на трансакции кои имаат одредена поврзаност со Соединетите Држави, вклучувајќи ги и оние кои ги користат предностите на финансискиот систем на САД (на пример: трансакции во деноминација со долари) и оние кои вклучуваат компании од Соединетите Држави и поединци или предмети со потекло од Соединетите Држави.

Соединетите Држави имаат донесено така наречени " секундарни санкции" против одредени земји-поконкретно, Иран - кои директно се однесуваат на компании кои не се од Соединетите Држави и поединци кои се ангажирани во одредени трансакции со тие земји. Целтта на овие санкции е да обезбедат мерки на заштита на економијата на Соединетите Држави од поединци кои не се дел од Соеднинетите Држави.

**Санкциите на Швајцарија** се применуваат на:

- Државјаните на Швајцарија, било кој бизнис кој е основан врз основа на Швајцарското право или на било кое лице, без разлика на државјанството додека се наоѓа во Швајцарија
- Лица или компании кои се наоѓаат надвор од Швајцарија во врска со било што прават во Швајцарија или било кој бизнис кој се спроведува целосно или делумно во Швајцарија.

---

## IV. Усогласеност со санкциите

ССНВС и нејзините подружници, односно Пивара Скопје АД, како и нејзините вработени, мора да ги почитуваат сите санкции кои се однесуваат на нив и не смеат да дејствуваат во било кој бизнис кој би можел да ги прекрши применливите санкции.

Општо, Санкциите:

- Забрануваат работење со физички или правни лица кои се наведени на листа на замрзнат имот која е во сила, како што е листата на специјално назначени државјани и блокирани лица во Соединетите Држави, консолидираната листа на целите на финансиските санкции на ЕУ или која било листа што ја води било кој релевантен орган.

- Забрануваат работење со правни лица кои се во сопственост или се контролирани од физички лица кои се на листите наведени погоре

- Ограничуваат или забрануваат работење со одредени земји или територии. На пример, на државјаните на Соединетите Држави генерално им е забрането да работат со Куба, Иран, Сирија, Западна Кореја и Крим (“ограничени територии”). На компаниите во ЕУ и за државјаните на ЕУ постои забрана за дејствување со некои од овие земји.

- Забрануваат овозможување на трансакции во кои директно не може да се вклучите. На пример државјанините на Соединетите Држави не може да подржат или одобрат работење на компанија која не е од Соединетите Држави со Крим. Исто така компанијата во земја членка на ЕУ не може да ја користи својата подружница која не е во ЕУ за да води бизнис со компанија која е цел на замрзнување на имот во ЕУ.

Имајте во предвид дека санкциите се применуваат и на поединци - не само на компаниите - и затоа државјаните на земји членки на ЕУ и на Соединетите Држави кои работат надвор од ЕУ и Соединетите Држави мора да бидат свесни за посебните санкции применливи за нив, покрај оние кои се применуваат на компанијата каде се вработени.

Со цел да се овозможи усогласеност со Санкциите, ССНВС работи на процес на проверка за своите партнери. Целта на процесот на проверка е да провери дали договорната страна е на некоја од забранетите листи. Процесот на одобрување за трансакции кои вклучуваат ограничени територии е опишан подолу.

ССНВС и подружниците, меѓу кои и Пивара Скопје АД, исто така, треба да бидат свесни за обврските поврзани со санкциите во договорите за финансирање, како што се договорите за заеми и осигурување, кои можат да се прошират и надвор од законските обврски наметнати со Санкциите.

**Барање одобрување**

Сите предложени трансакции, активности или проекти кои вклучуваат Ограничена територија или физичко или правно лице што очигледна одговара на физичко или правно лице на соодветна листа на санкции, бара претходно писмено одобрение надлежното лице во правниот сектор на Друштвото.

- Вработени – Вашите надлежни лица за примена на Политиката е Менаџерот на правниот сектор.
- Директори на сектори и регионални менаџери - Вашето надлежно лице за примена на Политиката е Регионален директор на правниот сектор.
- Генерални менаџери и групациски секторски директори - Вашето надлежно лице за примена на Политиката е главниот советник за усогласеност на Политиката.
- Членови на Одборот на Пивара Скопје АД - Ваше надлежно лице за примена на Политиката е генералниот советник за усогласеност на Политиката.

Копии од овие одобренија треба да се достават до секое надлежно лице за примена на Политиката и тој да ги стави на располагање на ревизорите или инспекторите доколку тоа е побарано.

## V. Изразување загриженост

Доколку сметате дека ССНВС или некоја од нивните подружници ненамерно била инволвирана во било кој бизнис спротивно на важечките Санкции, треба да го известите Менаџерот на правниот сектор во најбрз можен рок за понатамошни насоки или да го пријавите овој проблем на линијата ЗБОРУВАЈ! (Speak up!). Со тоа ќе и се овозможите на Компанијата да се справи и да го реши проблемот, пред да стане повреда на законот или за репутацијата на компанијата.

---

## VI. Неусогласеност

Неусогласеноста со оваа политика ќе ја сметаме како сериозна работа со која ќе се гарантира поведување на дисциплинска постапка, вклучувајќи и отпуштање, во рамките на дозволеноста со закон. Прекршувањата на санкциите, исто така, можат да имаат правни последици за поединечните инволвирани лица, вклучувајќи ги и парични казни и казната затвор.

---

## VII. Доколку се сомневате, побарајте упатство

Доколку не сте сигурни како да реагирате во одредена ситуација или одредено однесување е несоодветно или во спротивност со Политиката секогаш треба да побарате совет од вашиот Менаџер на правниот сектор пред да превземете дејствие.

Доколку имате одредено прашање во врска со оваа Политика, Ве молиме да го контактирате вашиот претпоставен, или алтернативно, вашиот Менаџер на правниот сектор.

Оваа политика може да биде изменета и ажурирана од време на време во согласност со Group Chart of Autority. Последната верзија на оваа политика може да се добие на барање на главниот службеник за усогласеност и е достапна на website: www.polnacasa.mk.

## Изјава за прифаќање на Политиката на санкции на ПИВАРА СКОПЈЕ АД

Потврдувам дека примив копија од Политиката на санкции на ПИВАРА СКОПЈЕ АД (“Политиката”) дека ја прочитав и разбрав Политиката. Јас ќе се придржувам кон Политиката. Доколку имам сознанија за можно кршење на Политиката, ќе контактирам со надлежното лице. Потврдувам дека оваа Политика не е договор и дека ништо во Политиката не е со намера да промени во постојаниот работен однос, било по волја или по договор.

________________________________

ДАТУМ

________________________________

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ВРАБОТЕНИОТ

________________________________

ПОТПИС НА ВРАБОТЕНИОТ